**СООПШТЕНИЕ**

**за активностите кои ги презема Фондот за време на изречената мерка за спречување на ширење и сузбивање на заразата од Covid – 19 (Коронавирус)во делот на работењето на здравствените установи - аптеки**

Во врска со потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на **Covid – 19 ( Коронавирус),** Управниот Одбор на Фондот, ги донесе следните мерки и препораки за здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот:

**Издавање рецепти за лекови на товар на Фондот**

1. Фармацевтот може да издава лекови пропишани на рецепт на товар на Фондот за хронична терапија и во случај кога препораката од специјалистот/отпусно писмо е постара од една година .

2. Рецепти за акутна терапија избраниот лекар може да препишува за лекови во количина доволна до 14 дена, по мислење на лекарот.

**Начин на работа на Фондот со здравствените установи**

Прием на барање од здравствени установи-аптеки кои се поврзани со било какви статусни промени согласно договорот или склучување на нов договор, може да се врши на еден од следните начини:

- документите скенирани да се доставуваат на мејл: luizaa@fzo.org.mk во Фондот,
- по пошта или
- во исклучителни случаи на шалтер определен за прием на документи

Изготвените договори, анекси на договори и известување ќе бидат доставени по пошта на адреса на здравствените установи .

Фондот активно ги следи препораките на СЗО и ги спроведува сите мерки на Владата со цел да го заштити здравјето на населението заради превенција од ширење на Covid – 19 ( Коронавирус).